REPUBLIC OF SLOVENIA
SUPREME COURT

# Информации за оштетено лице со посебни потреби за заштита

Како оштетено лице во кривична постапка имате одредени права кои подетално се претставени подолу.

MK

За повеќе информации во врска со вашите права и како истите да ги остварите, можете да се обратите на судот, кој го обработува вашиот предмет.

Список на судови со контакт податоци се наоѓа на интернет страната **https://www.sodisce.si/sodisca/seznam_sodisc/**

Повеќе информации за текот на кривичната постапка и правата на оштетениот се достапни на интернет страната nasodiscu.si. Дополнителни информации за помош (и надвор од судските постапки) и за организации кои би можеле да ви помогнат, може да најдете на интернет страната на полицијата **www.policija.si**.

EUROPEAN UNION
EUROPEAN SOCIAL FUND

The investment is co-financed by the Republic of Slovenia and the European Union under the European Social Fund.

# Посебни потреби за заштита

1 **Имате право да бидете информирани од страна на надлежниот орган во преткривична или кривична постапка при првиот контакт со начинот на известување во врска со информации за:**

- бесплатна здравствена, психолошка и друга помош и поддршка;
- помош и мерки согласно законот, со кој се регулира спречување семејно насилство;
- заштитни и други мерки за обезбедување лична безбедност согласно овој закон и законот со кој се регулира заштита на сведоци;
- право на присуство на доверливо лице и право на бесплатна правна помош согласно законот со кој се регулира бесплатната правна помош;
- можностите за поврат на штета согласно Законот за кривична постапка (ЗКП) и согласно законот со кој се регулира оштетата на оштетените лица од кривичните дела;
- плаќање и поврат на трошоци на оштетено лице;
- право на толкување и преведување;
- контакт лице на надлежниот орган, со кој може да комуницирате за својот предмет;
- други можни права или поволности, кои можат да бидат важни за вас.

Обемот и видот на информациите зависат од вашите лични карактеристики и ранливост, вашите специфични потреби за заштита, природата, тежината и околностите на кривичното дело и фазата на предистражната или кривичната постапка.

2 Можете да побарате известување за ослободување или бегство на обвинетиот од домашен притвор, притвор или затвор (член 65а од ЗКП).

3 Во предистражната и кривичната постапка, во **одредени случаи имате право на присуство на доверливо лице, кое само го избирате** (и тоа кај малолетно оштетено лице, оштетено лице кое е жртва на насилство или друго оштетено лице, ако тоа го бараат природата и тежината на кривичното дело, неговите лични околности или степенот на неговата загрозеност), освен ако тоа би било во спротивност со интересите на водење на преткривична или кривична постапка или со придобивките на оштетеното лице (член 65).

4 Загарантирано ви е **правото на заштитни и други мерки за обезбедување лична безбедност** под условите, утврдени со ЗКП, особено сослушување преку видео конференција, утврдување псевдоним, сослушување во посебно прилагодени простории, сослушување со помош на експерт од соодветна струка (член 143.ч, 240, 240.а од ЗКП) и заштитни мерки регулирани со Законот за заштита на сведоци (ЗЗПрич).

5 Судот мора да ви **овозможи, да не дојде до несакан контакт со обвинетиот**, освен ако контактот е неопходен заради спроведување на преткривична или кривична постапка (член 65 од ЗКП).

## Полномошник и бесплатна правна помош

1 Во кривичната постапка, вашите права можете да ги остварите преку **полномошник**. Врз основа на Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП), можете да побарате **бесплатна правна помош** од адвокат како полномошник. Барањето за бесплатна правна помош поднесете го во писмена форма на пропишаниот образец до окружниот суд, на територијата на која имате постојано или привремено живеалиште. Повеќе информации и образецот за поднесување барање за бесплатна правна помош можете да добиете на веб-страницата https://nasodiscu.si/bpp.

2 Во случаите на кривични дела против половиот интегритет, против бракот, семејството и децата, како и за ропство и трговија со луѓе, судот на малолетниот оштетен кој сѐ уште нема застапник, ќе му определи застапник по службена должност од редот на адвокатите ( член 65 од ЗКП ).

3 Малолетно оштетено лице, оштетено лице кое е жртва на насилство или друго оштетено лице, доколку тоа го налагаат природата и тежината на кривичното дело, неговите лични околности или степенот на опасност, може да биде придружувано од **лице, кое оштетениот сам ќе го избере**, освен ако тоа е во судир со интересите на извршувањето на кривичната постапка или со придобивките на оштетениот (член 65, 240 од ЗКП).

## Останати права во кривичната постапка

1 Во кривичната постапка имате право да **укажете на сите факти и да предложите докази кои се важни за утврдување на околностите во врска со кривичното дело и имотноправното барање, да ги разгледате списите, а на главната расправа да поставите прашања на обвинетиот, сведоците и вештаците и да да-**

**вате забелешки и објаснувања во однос на нивните исповеди**. Судот може да ви забрани пристап до списите, додека не бидете сослушани како сведок (членови 59, 165.а, 177, 178, 291, 329 и 334 од ЗКП).

2 Во кривичната постапка можете да поднесете **предлог за извршување на имотно-правно барање**, доколку имате право таквото барање да го извршите во парнична постапка (надомест на штета, враќање на имотот, поништување на правна работа). Мора прецизно да го дефинирате предлогот, да го образложите и да приложите докази (на пр. да ја наведете сумата, да поднесете фактури, ...) (членови 100-105, 134 и 241 од ЗКП). Имотно правното барање не е задолжително, туку е можност која му се дава на оштетениот во кривичната постапка.

3 Секој сведок има **право на надомест на трошоци (за превоз до суд, за губење на приход, ...)** под условите на правилникот, со кои се уредува надоместокот на трошоците во кривичната постапка и надоместокот на плата или изгубена заработка. Надоместокот мора да се побара веднаш по сослушувањето.

4 Во кривичната постапка имате **право да го употребувате својот јазик** на начин пропишан со закон и превод на значајните документи (член 8 ЗКП).

5 Судската одлука, против која имате право на жалба (чл. 367 ст. 4 од ЗКП) ќе ви биде доставена заедно со правно упатство во кое ќе биде наведен рокот и начинот на поднесување жалба (член 169 став 7, член 363 и 367 од ЗКП).

6 Како оштетен имате право да добивате информации за статусот на кривичната постапка и правосилните пресуди, доколку ги побарате или ако тоа го предвидува законот (член 65.а, став 6, член 363 од ЗКП). Информациите може да се добијат за време на работното време на истражниот или кривичен регистар на судот, кој го обработува вашиот случај.

## Други права кои можете да ги остварите надвор од кривичната постапка

1 Како оштетен во кривично дело, во рамките на услугите за социјална заштита врз основа на Законот за социјална заштита (ЗСВ), бесплатно ви е обезбедена **поддршка за жртви од кривични дела**, која вклучува стручна поддршка и советување од страна на надлежниот Центар за социјална работа.

2 Посебна помош и мерки се обезбедуваат врз основа на **Законот за спречување на семејно насилство (ЗПНД)**. Помош обезбедуваат надлежните Центри за социјална работа и невладините организации. На Ваше барање, судот во несудска постапка може да ги изрече следните мерки на сторителот на насилство: забрана за влез во живеалиште, забрана за приближување на одредено растојание од живеалиштето, забрана за задржување и приближување до места каде што жртвата обично се наоѓа, забрана за средба и воспоставување контакт со жртвата и други. Со цел обезбедување на заштита на децата, надлежниот суд може да изрече дополнителни мерки предвидени со закон. Повеќе информации за облици на помош и мерки се достапни на веб-страната на министерството за труд, семејство, социјални работи и еднакви можности.

3 Доколку сте жртва на насилно намерно дејствие или роднина на жртва чија смрт била резултат на насилно намерно дело, може да добиете право на **оштета според Законот за оштета на жртвите од кривични дела (ЗОЗКД)**. Барањето се поднесува на пропишан писмен образец до министерството за правда. За доделување на надоместокот одлучува комисија именувана од Владата на Република Словенија.

## Должности на оштетениот

1 Доколку сте поканети како сведок, должни сте да одговорите на поканата и доколку во ЗКП не е поинаку определено, да сведочите (член 234 од ЗКП); доколку не можете да одговорите на поканата, мора да го оправдате своето отсуство (член 62а од ЗКП). Ве молиме, во оправдувањето да ги наведете своите контакт податоци, за да судот полесно се усогласи со вас за нов датум.

2 Мора да го известите судот за секоја промена на адреса или живеалиште (член 66 од ЗКП).

3 Не смеете намерно да ја одложувате постапката, бидејќи судот може парично да ве казни доколку вашите постапки се јасно насочени кон одлагање на постапката (член 140 ЗКП).

4 Во постапката мора да се однесувате со почит, бидејќи судот може парично да ве казни доколку во барањето или говорот ги навредите судовите или кој било друг учесник во постапката (член 78 од ЗКП).

5 Без оглед на исходот на кривичната постапка, мора да ја платите соодветната судска такса и трошоците настанати со вашата покана, одложување на истражниот акт или главната расправа, неподнесување на најавената жалба и други трошоци на постапката, кои би биле предизвикани по ваша вина (член 94 од ЗКП).